**Известување за концентрација со која Јунајтед Медиа С.а.р.л. Луксембург ќе стекне контрола над АСПН, услужна компанија д.о.о, Љубљана Словенија (предмет бр. 08-86/2023)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 16.06.2023 година,до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација која се однесува на стекнување самостојна контрола од страна на **Јунајтед Медиа С.а.р.л.** (United Media S.à.r.l.), со седиште на адреса Руе Жан Моне 6, 2180 Луксембург, над друштвото **АСПН, услужна компанија д.о.о, Љубљана** (ASPN, storitveno podjetje d.o.o, Ljubljana), со регистрирано седиште на адреса Пољански насип 8, 1000 Љубљана, Словенија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**Јунајтед Медиа С.а.р.л.** е во крајна сопственост на фондови советувани од БЦ Партнерс, меѓународен инвестициски фонд со седиште во Лондон. БЦ фондовите се исклучиво финансиски инвеститори, т.е. не се вклучени во секојдневните деловни активности на компаниите во кои инвестираат, со кои управуваат сопствени одбори на директори.

БЦ Партнерс има регистрирано присуство во Република Северна Македонија преку следните индиректно зависни друштва:

-ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје, со регистрирано седиште на Булевар ВМРО бр. 3, Центар, Скопје, кое се бави со дистрибуција на медиумска содржина преку DTH технички платформи

-ДИРЕЦТ МЕДИА ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на Орце Николов 68/3, Центар, Скопје, кое се бави со маркетиншки дејности, односно со откуп и продажба на рекламен простор во печатени и електронски медиуми, и

-УГИ ФИБЕР ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на бул. Партизански одреди бр. 14, Центар, Скопје, Република Северна Македонија, кое се занимава со дејности на сателитска телекомуникација.

**АСПН, услужна компанија д.о.о, Љубљана** е друштво кое управува со телевизискиот канал „Спорт ТВ“, кој се емитува исклучиво во Република Словенија. Програмската содржина на „Спорт ТВ“ е пред сé фокусирана на сите најпопуларни спортови во Република Словенија, со фокус на домашните (словенечки) спортски натпревари, како и на најпопуларните меѓународни спортски натпревари.

**АСПН, услужна компанија д.о.о, Љубљана** не е присутно и не остварува приход во

Република Северна Македонија.

Подносителот на известувањето смета дека како релевантен пазар, за целите на оценка на концентрацијата е пазар за производство и емитување на ТВ канали на територијата на Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

21.06.2023 година
Скопје